Прашањето на изборите е во основа прашање на добро владеење и партиципација. За локалните избори кандидатите и политичките партии изготвуваат понуда до граѓаните со своите идеи и планови за водење на единиците на локална самоуправа. Една од долгорочните цели на МЦМС е Добро владеење, партиципација и политики засновани на луѓето која се фокусира на подигањето на стандардите во практикувањето на власта, зголемување на одговорноста и отчетноста на институциите и подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во носењето одлуки.

**Општа цел на проектот** е придонес кон доброто управување во Македонија, со зголемена одговорност на институциите, партиите, граѓанските организации и самите граѓани.

**Цел на проектот** е да се придонесе за фер и демократски избори, преку поддршка на професионалната и транспарентна работа на изборните органи, зајакнато професионално и етичко известување за изборите во медиумите и промоција на конструктивен демократски дискурс за време на кампањата и во текот на самиот изборен ден и по завршување на зборите.

**Целна група на проектот** е целата јавност во Македонија, со фокус на гласачите, кои користат Интернет, како директни корисници.

**Очекуван резултат** е информирана и вклучена јавност во изборниот процес.

**Периодот на спроведување на проектот** е 20 август – 30 ноември 2017 година.

Веб-страна: http://www.mojotizbor.mk
Facebook: http://www.facebook.com/mojotizbor
Twitter: http://twitter.com/mojotizbor